**Одговори на често поставувани прашања за повик за финансиска поддршка на локални младински иницијативи**

**проект „ Заедници инклузивни за млади“**

Референтен број: IPA/2021/430-552

спроведуван од: Национален младински совет на Македонија, Фондација за развој на локалната заедница (ФРЛЗ) – Штип, СФЕРА Интернешнал – Битола и Платформа за младинско јакнење ЈЕП – Гостивар

финанасиран од Делегацијата на Европската унија во Скопје  преку  IPA Civil Society Facility and Media Programme 2020 / EuropeAid/171333/DD/ACT/MK

Финансирано од Европска Унија

## I. Прашања поврзани со процесот на аплицирање

**1. На кој јазик се поднесува апликацијата на повикот за финансиска поддршка за локални младински иницијативи?**

Апликацијата за повикот за финансиска поддршка се поднесува на македонски јазик.

**2. Дали е потребно при аплицирањето да се достави потврда за регистрација во Регистарот за младински организации, организации за млади и чадор организации во Агенцијата за млади и спорт ?**

Да, потребно е да се достави потврда за регистрација во Регистерот на Агенцијата за млади и спорт заедно со останатите документи за апликација.

**3. Во однос на критериумот кој се однесува на нефигурирање во кривичната или граѓанската прекршочна евиденцијата како организација и раководство дали е потребно да се достави документ за неосудуваност од надлежниот суд?**

Не, не е потребно да се доставува таква документација.

**4. Дали треба цел Образец за пријавување (Анекс 1) да биде доставен во скенирана верзија или само страната која содржи потпис и печат?**

Документите кои имаат печат и потпис се доставуваат скенирани. Форматот на аплицирање дали ќе биде скенирана целосниот образец или само страната која содржи потпис и печат го одредува самостојно секој апликант. Како валидни ќе се сметаат и двата начини на апликација, но документите мора да се во pdf формат.

**5. Дали можам да аплицирам за финансии како планинар? Го искачив како најмлад македонец Килиманџаро во 2022 година, а мој следен подвиг ќе биде во Аконгавава, Аргентина. Дали можам за овој подвиг да побарам финансика поддршка?**

Во согласност со повикот, подносители на иницијативи може да бидат младински организации, организации за млади и младински чадор организации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации. Физички лица не можат да бидат апликанти на повикот.

**6. Дали доколку имаме обезбедено писмен документ за поддршка на пример од Локалната самоуправа, дали документот може да се достави во прилог на апликацијата?**

Сите документи за кои сметате дека се релевантни за апликацијата може да бидат доставени како пропратни документи покрај оние што се пропишани во повикот.

7. **Дали е потребно да се назначи точно одреден “Subject” на мејлот за аплицирање?**

Во самиот повик нема наведно точно определен формат на “subject” кој треба да се наведе при процесот на аплцирање. Секако во мејлот треба изречно да се наведе на што се однесува апликацијата, на пример Апликација за повикот за финансиска поддршка на локални младински иницијативи.

## II. Прашања за начинот на евалуација

1. **Како ќе се мери предходно искутво на апликантот ?**

Како еден од потребните документи за аплицирање е и наративен извештај за 2022 година, кој го рефлектира предходното искуство на апликантот.

2. **Дали како критерум при распределба на грантовите ќе се зема предвид регионалната поставеност на поднесените иницијативи?**

Критерумите за изборот на финансиска поддршка за инцијативи ќе бидат базирани на критериумите за избор наведени во повикот, (навремено поднесување, техничкиот пристап, капацитетите на апликантот и претходно постигнатите резултати и предлог буџетот) како и бројот на поднесени аплкации. Регионалната распределба на понесените иницијативи нема да биде пресудна за изборот на грантистите.

## III. Прашања за отпочнување на постапката за имплементација на иницијативите

1. **Дали постои флексибилност во почетокот на имплементацијата на инцијативите?**

Временската рамка за поднесување, разгледување и одлучување за селектираните инцијативи, како и времето предвидено за потпишување на договрите и подоготовка на соодветната документацијаа овозможуваат доволна временска рамка за навремено отпочнување со имплемантацијата на инцијативите - 1 ноември, и истиот термин не подлежи на дополнителни промени.

2. **Дали на селектираните инцијативи ќе им биде овозможена дополнителна поддршка во прибавувње на соодветните документи (СЕП и УЈП) доколку е потребна?**



Финансирано од Европска Унија
Национален младински совет на Македонија
ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА
СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ
yep! YOUTH EMPOWERMENT PLATFORM

По потпишување на договорите ќе биде оддржана и кратка обука која ќе се однесува на финансиските и административните процедури за водење на иницијативите. Дополнително, инцијативите ќе бидат поддржувани во текот целосната нивна имплементација преку консулативни состаноци.

### 3. Како ќе оди репортирањето на иницијативите?

Репортирањето се врши преку доставување на два извештаи. Првичното репортирање се прави на средина од имплементацијата на инцијативите, додека второто и финално по целосно завршување на иницијативата.



Финансирано од Европска Унија
Национален младински совет на Македонија
Фондација за развој на локалната заедница
Сфера Интернешнал
yep! Youth Empowerment Platform